**ЗАПИСНИК**
**од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 27.07.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ,м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен, годишен одмор).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Катерина Доневска, Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски, ја отвори 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, најави дека членот на Советот г-дин Трајчев, нема да присуствува на седницата поради користење на годишен одмор (почнувајќи од денес до 13 август), а отсуството до него го најавил усмено и по електронска пошта. Во однос на предложениот дневен ред, информира дека под Разно ќе се стават на разгледување три точки за кои до членовите на Советот се доставени материјали. Објасни дека на потточките под Разно 1 и 2 ќе им ги замени местата. Под Разно 1 ќе биде „Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите". Оваа точка ја стави пред точката „Предлог за давање одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги", затоа што таа веќе ја има во постојниот План за јавни набавки на Агенцијата за 2017 година. А како потточка 3 ќе биде „Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година", затоа што радиото започнало со емитување на радио програма. Во негово име и во име на Стручната служба упати извинување до членовите на Советот во однос на потточката 3, бидејќи материјалите по меил им се доставени час-два пред започнување на седницата, од причина што спосствениците на радиото повеле акција да го спасат, успеале во тоа и Агенцијата ќе им помогне во таа намера.

Советот на Агенцијата, со предложените три потточки под Разно, едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.07.2017 година.
2. Предлог-одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на локално ниво.
3. Предлог-одлука за ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.
4. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје.
5. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на РД Наша ТВ ДООЕЛ Скопје.
6. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје.
7. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Истражување на мислењето на публиката.
8. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Анализа на нови медиуми – опфат, улога и трендови на регулирање.
9. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Печатарски услуги.
10. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Ангажирање на биро за преведување.
11. Разно.

**Точка 1**

Советот, го разгледа и со четири гласа „за" и два воздржани гласа од г-дин Фетаи и г-дин Јанчески, го усвои предложениот записник од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.07.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, ја образложи Предлог-одлуката за доделување дозвола за телевизиско емитување преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на локално ниво. Објасни дека оваа телевизија изминатите години емитуваше програма на регионално ниво преку терестријален предавател. Но, веројатно од економски причини, се одлучуваат да преминат на локално ниво, со ограничен ресурс, преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа. Со доделување на предложената дозвола, ќе престане да важи претходната дозвола за телевизиско емитување на регионално ниво.

Г-дин Фетаи, рече дека оваа одлука на телевизијата претставува нивна стратегија, бидејќи разговараат за приватна телевизија а Советот се прилагодува на нивните можности. Претпоставува дека надоместокот за дозволата им е многу висок и не

можеле да се одржат на пазарот. Правно гледано, рече дека со доделување на предложената дозвола им престанува првата. Во таа насока праша како ова е решено, дали тоа значи дека тие ќе продолжат да зрачат, односно во ниеден момент публиката нема да остане без прекин на програмата?

Г-дин Трајчевски, одговори дека меѓу другите документи за доделување на нова дозвола, имаат и изјава со која се откажуваат од претходната дозвола, која ја потпишуваат и заверуваат на нотар, а Агенцијата ќе го извести ОНЕ да ги исклучи од терестријалниот мултиплекс, така што тие континуирано ќе продолжат да работат, но на локално ниво

Г-дин Петрушевски, рече дека ќе го дополни г-дин Фетаи, во смисла дека нивната заштеда не е само во надоместокот за дозволата, туку и во тоа дека во иднина нема да плаќаат надоместок кон операторот ОНЕ, бидејќи сега ќе се емитуваат преку кабел, не терестријално.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-285 од 26.07.2017 година и едногласно донесе Одлука за доделување дозвола на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на локално ниво - Општина Прилеп, Општина Долнени и Општина Кривогаштани, со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, одлуката за доделување дозвола да ја достави до Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, со цел да изврши упис на промена во соодветниот регистар, со оглед дека веќе е регистриран како трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар во Централен регистар, врз основа на Одлуката за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на регионално ниво, УП1 бр.08-849 од 18.06.2015 година. Во рок од 15 дена од денот на приемот на регистрацијата, Агенцијата ќе ја издаде предметната дозвола.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, во рок од 5 дена од денот на издавањето на предметната дозвола за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, да го извести операторот преку кој ќе се емитува програмскиот сервис, да склучи договор со радиодифузерот почитувајќи ги принципите на објективност, транспарентност и недискриминација

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, да ги извести операторите на јавна електронска комуникациска мрежа што не користат ограничен ресурс, кои ја вршат дејноста во подрачјето во кое радиодифузерот ја емитуваше својата програма - на регионално ниво, подрачје на емитување регион Д5 - Пелистер (Општина Битола, Општина Прилеп, Општина Новаци, Општина Могила, Општина Кривогаштани, Општина Долнени, Општина Крушево, Општина Демир Хисар, Општина Ресен, Општина Кичево, Општина Македонски Брод и Општина Пласница), дека дозволата за телевизиско емитување на регионално ниво бр.08-868 од 24.06.2015 година, преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, престана да важи, и дека на радиодифузерот му е доделена нова дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на локално ниво - Општина Прилеп, Општина Долнени и Општина Кривогаштани.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, ја образложи Предлог-одлуката за ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-3390/1 од 26.07.2017 година и едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година, бр.05-6650/1 од 22.12.2016 година, бр.05-2373/1 од 05.05.2017 година и бр.05-2792/1 од 15.06.2017 година, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2017-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврдено ниво, односно ќе изнесуваат 124.163.472,00 денари.

Со ребалансот ќе се обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 46.550,00 денари, од кои 2.450,00 денари ќе бидат наменети за Договор за одржување на модул за архивско работење, додека 44.100,00 денари за Договор за одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење.

Со предложениот ребаланс ќе се изврши измена на следните позиции:

- Групната ставка 400 Потрошени материјали ќе се намали за 46.550,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 1.449.000,00 денари ќе изнесува 1.402.450,00 денари.

- Позицијата 400300 – Потрошени канцелариски материјали ќе се намали за 46.550,00 денари и наместо сегашниот износ од 366.000,00 денари ќе изнесува 319.450,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на стоки – канцелариски материјали за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор во понизок износ од планираниот.

- Групната ставка 402 – Инвестиционо одржување на средствата ќе се зголеми за 46.550,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 3.446.000,00 денари ќе изнесува 3.492.550,00 денари.

- Позицијата 402030 – Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа – хардвер и софтвер наместо досегашниот износ од 1.170.000,00 денари ќе се зголеми за 46.550,00 денари и ќе изнесува 1.216.550,00 денари. Со наведеното зголемување ќе се обезбедат средства за одржување на модулот за архивско работење како и за одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење за период од 5 (пет) месеци од 2017-та година.Се задолжува Секторот правни и економски-финансиски работи, да го изготви горенаведениот Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година, во кој ќе ги вгради наведените измени.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Соработникот од Секторот за стратешко планирање и авторски права, Катерина Доневска, ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје. Објасни дека согласно член 41 од ЗААВМУ, ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје до Агенцијата достави Известување за промена на сопственичка структура. Побарана е согласност за истапување на физичкото лице Вања Гавриловски и за пристапување на физичкото лице Емил Стојменов. Известувањето не беше комплетно, односно не ги содржеше сите прилози утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура, поточно, во прилог кон Известувањето не беше доставена нотарски заверена изјава од радиодифузерот (која ја дава управителот на радиодифузерот) дека со планираната промена на сопственичката структура не се прекршуваат одредбите од глава IV од ЗААВМУ. На 12.07.2017 година, со писмен допис Агенцијата го извести радиодифузерот да ја достави потребната изјава, така да на 18.07.2017 година, ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје го достави потребниот документ со што го комплетираше Известувањето за промена на сопственичката структура.

Г-дин Фиданоски, во врска со согласноста за истапување на физичкото лице Вања Гавриловски и за пристапување на физичкото лице Емил Стојменов кај ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ, рече дека сега се враќа сопственикот на телевизијата кој што беше претходно. Тој истапил поради испочитување на член 11 од Законот за радиодифузната дејност, кога лидери на политички партии, нивни семејства и носители на јавни функции не можеа во исто време да бидат и сопственици на медиуми. Тогаш настанала промената на сопственоста на Канал 5, сега само се враќа претходната состојба.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-295/1 од 26.07.2017 година и едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, со текст како што беше предложена.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, да достави допис до Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ, со кој ќе побара по извршената промена, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 5**

Соработникот од Секторот за стратешко планирање и авторски права, Катерина Доневска, ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на РД Наша ТВ ДООЕЛ Скопје. Согласно член 41 од ЗААВМУ, на 12.07.2017 година, Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје до Агенцијата достави Известување за промена на сопственичка структура. Побарана е согласност за истапување на физичкото лице Милица Гоговска и за пристапување на физичкото лице Ристо Гоговски. Известувањето беше комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура.

Г-дин Фетаи, со оглед дека наведеното физичко лице освен на РД Наша ТВ се јавува како сопственик и на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје, рече дека ваквата ситуација ретко доаѓа на седница за разгледување. Посочи дека Советот нема поголеми компентенции во таа насока, туку само ги следи законските прописи во смисла да нема недозволена медиумска концентрација на капиталот. Рече дека Советот треба да биде многу внимателен во таа насока, посебно што сега истото физичко лице се појавува како сопственик на телевизија и сопственик на радио. Се работи за специфична состојба, но ако е проверено и констатирано дека во таа насока нема пречки, тогаш Советот само ја констатира фактичката состојба. Објасни дека нема многу простор, тоа е бизнис релација на сопствениците на капиталот во тој домен. Ако законски е се во ред, тој ќе го поддржи предлогот даден во материјалите.

Г-дин Фиданоски, рече дека и верува на Стручната служба дека е детално проверено, дека нема пречка да се остварат предвидените промени.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-326/1 од 26.07.2017 година и едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, со текст како што беше предложена.

Со предложените промени на сопственичката структура на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, да достави допис до Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, со кој ќе побара по извршената промена, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 6**

Соработникот од Секторот за стратешко планирање и авторски права, Катерина Доневска, ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје. Согласно член 41 од ЗААВМУ, Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје до Агенцијата достави Известување за промена на

сопственичка структура. Побарана е согласност за истапување на правното лице Друштво за архитектура и инженеринг АРК ДИЗАЈН ДООЕЛ Скопје и за пристапување на физичкото лице Ристо Гоговски. Доставеното Известување е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура.

Г-дин Фиданоски, рече дека им беше доставен извештај од вонреден надзор врз ТРД РФМ, каде што имаше констатирано прекршување. Побара објаснување дали промената на сопственичката структура кај радио РФМ, би предизвикала евентуален проблем во целата постапка, односно дали претходно радиодифузерот треба да го отстрани прекршокот па потоа да ја направи промената или не мора?

Г-дин Трајчевски, одговори дека надзорот што е направен врз ТРД РФМ е направен од повеќе аспекти, имаше прекин во програмата, имаше друга идентификација, не РФМ туку радио Индекс, што е спротивнио на Законот. За да се направи промена на идентификација треба претходно прво да ја извести Агенцијата а потоа да постапи. За сетоа ова радиото ќе добие писмена опомена, но доколку не ги отстрани прекршоците, тогаш ќе следи прекршочна пријава и тоа нема врска со промената на сопственичката структура.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-327/1 од 26.07.2017 година и едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, со текст како што беше предложена.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, да достави допис до Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, со кој ќе побара по извршената промена, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 7**

Соработникот од одделението за јавни набавки и општи работи, Александар Џуваревиќ, ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Истражување на мислењето на публиката. Објасни дека станува збор за редовна постапка која се спроведува секоја година. Информира дека во материјалите не е доставена техничка спецификација бидејќи станува збор за посложена постапка, таа е во подготовка, така што дополнително ќе биде доставена.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-3382/3 од 26.07.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот

на Агенцијата да донесе Одлука за потреба од јавна набавка за предметот - услуга: Истражување на мислењето на публиката.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: Истражување на мислењето на публиката, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-2565/3 од 22.06.2017 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

Г-дин Петрушевски, посочи дека останува обврската на Стручната служба, од кога техничката спецификација ќе биде изработена во финална форма да ја достави по електронска пошта на увид до сите членови на Советот.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Анализа на нови медиуми – опфат, улога и трендови на регулирање. Објасни дека Агенцијата му предлага на Советот за јавни набавки да даде согласност да отпочне постапката пред распишување на Локалните избори. Агенцијата планира да побара финансиска помош односно оваа набавка да ја плати Совет на Европа и за сега постои расположение од нивна страна. Доколку произлезе дека не може да ја платат, постпката сепак ќе продолжи и ќе биде платена со средства од Агенцијата. Во секој случај кога ќе биде готова техничката спецификација, во истиот момент ќе биде доставена до членовите на Советот и Совет на Европа.

Г-дин Петрушевски, рече дека оваа јавна набавка секако е предвидена во Планот за јавни набавки, предложена и усвоена од Советот. Ова беше во контекст на можните реформи на ЗААВМУ, при што постојат разни мислења дали се потребни измени или не. Анализата не е таа што треба да одлучи дали треба измени или не, но сепак стручно ќе биде изработена. Ако предвидените пари од милион денари ги обезбеди Совет на Европа, тогаш ќе биде уште подобро за Агенцијата. Наведе дека разговарал со директорот, и со колегата г-дин Трајчев кој сега е отсутен, неколку пати на седница дискутирале дека техничките спецификации кои ги добиваат во материјалите за седници се израз на транспарентност на работењето на Агенцијата и Стручната служба. Советот често пати знае да даде корисни забелешки и предлози. Доколку се гледа строго законски, работата на Советот е да одобри и да има едно образложение во таа насока. Сега ова е исклучок во праксата, што недостасуваат две технички спецификации, и не би сакал и понатаму вака да се продолжи, но исклучокот го прифаќа затоа што сега ќе има избори, се брза и битни се набавките да започнат. Директорот кажал дека кога ќе бидат готови спецификациите, тие како Совет ќе бидат известени и ќе ги добијат. Но оваа практика во иднина не сака да продолжи, ова ќе го смета како исклучок, иако формално-правно Советот не се меша во работата на Агенцијата и Стручната служба и на Комисијата за јавни набавки по наведениот предмет.

Г-дин Фиданоски, рече дека ќе се надоврзе на дискусијата на г-дин Петрушевски. Без разлика што Советот не одлучува за формата на техничката спецификација, тоа е работа на комисијата што ќе ја прави, но бидејќи станува збор за завиден износ на средства еден милион денари, претпоставува дека би било добро тоа ветување Советот на Европа да го исполни и финансиски го подмири. Би сакал да ја види техничката спецификација кога ќе биде готова во смисла на тоа како ќе биде компонирана, кои опфат ќе биде земен, што посебно ќе се анализира и кој трендови ќе бидат земени како

споредбени за компарација во самата таа анализа бидејќи станува збор за прашање што Агенцијата односно Стручната служба реално првпат посериозно ќе се занимава. Без разлика кој на крајот ќе ја плати, посака да ја има Советот на увид техничката спецификација. Потоа додаде мала шега, дека г-дин Петрушевски, во иднина нема право да се жали од Стручната служба на Агенцијата која е многу експедитивна, тој минатата седница посакал да се стави како јавна набавка, на оваа седница веќе е ставена, и ако во иднина каже нешто контра Стручната служба, Советот нема да му верува.

Г-дин Петрушевски, рече дека прифаќа тоа што го кажал г-дин Фиданоски.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-3381/3 од 26.07.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за потреба од јавна набавка за предметот - услуга: Анализа на нови медиуми – опфат, улога и трендови на регулирање.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – услуга: Анализа на нови медиуми – опфат, улога и трендови на регулирање, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-2565/3 од 22.06.2017 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

Г-дин Петрушевски, посочи дека останува обврската на Стручната служба, од кога техничката спецификација ќе биде изработена во финална форма да ја достави по електронска пошта на увид до сите членови на Советот.

**Точка 9**

Соработникот од одделението за јавни набавки и општи работи, Александар Џуваревиќ, ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Печатарски услуги. Објасни дека печатарските услуги се потребни за непречено одвивање на работните задачи и обврски на вработените во Агенцијата, кои во техничката спецификација се наброени во 27 ставки.

Г-дин Петрушевски, праша дали плаќањето на печатењето ќе се изврши доколку Агенцијата побара услуга, што би значело дека нема да се потроши вкупниот предвиден износ?

Соработникот од одделението за јавни набавки и општи работи, Александар Џуваревиќ, одговори дека плаќањето на услугата, ќе се врши сукцесивно за секоја поединечно извршена печатарска услуга или услуга за фотокопирање, врз основа на доставена фактура.

Г-дин Трајчевски, одговори дека во принцип Агенцијата на годишно ниво ги троши предвидените средства во зависност од интензитетот на настаните и од тоа за какви настани станува збор.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-3385/3 од 26.07.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за потреба од јавна набавка за предметот - услуга: Печатарски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – услуга: Печатарски услуги, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки

во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-2565/3 од 22.06.2017 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

**Точка 10**

Соработникот од одделението за јавни набавки и општи работи, Александар Џуваревиќ, ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Ангажирање на биро за преведување. Објасни дека за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во врска со организирање на одредени настани, потребна е годишна набавка – Ангажирање на Биро за преведување – што подразбира превод од македонски на англиски, германски, француски јазик и од англиски, германски, француски на македонски јазик, како консекутивен и симултан превод.

Г-дин Петрушевски, праша доколку има материјали на албански јазик, дали самите вработени го прават тоа?

Соработникот Џуваревиќ, одговори дека вработени лица од Агенцијата ги преведуваат материјалите од албански јазик на македонски и обратно.

Г-дин Фиданоски, праша дали оваа јавна набавка ќе се искористи и за конференцијата што се предвидува за септември 2017?

Г-дин Трајчевски, рече дека тоа е друга јавна набавка, која веќе помина на седница и Советот ја одобри и станува збор за организација на настанот. Оваа јавна набавка е за тековни работи на Агенцијата.

Г-дин Фетаи, бидејќи ќе се организира голем настан, свеченост по повод 20 години од постоење на АААВМУ, во поглед на гостите што ќе бидат поканети, постави прашање во врска со симултан превод. Рече дека би било соодветно и потребно да се организира симултан превод и на албански јазик, пред се поради учесниците. Објасни дека кога биле во Црна Гора, Будва или слично, кога организира настани и конференции Совет на Европа, има организирано и превод на албански јазик. Исто така и во сегашната предложена јавна набавка не гледа дека е предвиден и албанскиот јазик.

Г-дин Трајчевски, рече дека ќе дообјасни. Оваа јавна набавка не се однесува на конференцијата и таа ќе биде организирана од фирма која е избрана на тендер. Фирмата ќе организира се, и ручек и сали и слично. Ова е само за тековни потреби на Агенцијата.

Г-дин Фетаи праша дали за време на конференцијата, фирмата ќе го обезбеди преводот на албански јазик?

Г-дин Трајчевски, рече дека не е сигурен по тоа прашање, но мисли дека работен јазик е англискиот, не македонски и не е албански. Објасни дека на конференцијата ќе има гости од Словенија, Хрватска, Србија, Бугарија, Албанија, Косово.

Г-дин Фетаи, рече дека конференцијата нема да се одржува во Лондон, и ќе биде голема грешка, еден хендикеп ако се сака да се има една една топла, мирољубива атмосфера. Како домаќини би требало да има и превод на албански јазик. Според него тоа не претставува голема финансиска инвестиција, повеќе е укажување на еден цивилизиран, домаќински потег.

Г-дин Трајчевски, рече дека договорот со фирмата се уште не е потпишан, и дека забелешките од г-дин Фетаи, фирмата која е избрана ќе ги има ова предвид за време на конференцијата.

Г-дин Ајдини, рече дека има искуство од минатата година во Црна Гора, каде што се преведувало на неколку јазици, исто така и кога биле во Албанија се преведувало на неколку јазици. Предлогот од г-дин Фетаи, да се преведува и на албански јазик за време на конференцијата, рече дека не треба да претставува проблем и треба да се направат напори тоа да се реализира.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-3373/3 од 26.07.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за потреба од јавна набавка за предметот - услуга: Ангажирање на биро за преведување.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – услуга: Ангажирање на биро за преведување, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-2565/3 од 22.06.2017 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година

**Точка 11**

**Разно.**

**Разно 1** - Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка за предметот - услуга: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите. Објасни дека оваа обврска произлегува од Законот за еднакви можност на жените и мажите и овој извештај се доставува до Собрание на РМ. Извештајот од 2016 година е на една од прекинатите седници во Собранието на разгледување. Објасни дека за оваа јавна набавка, минатата 2016 година, имаше проблем бидејќи не се јави фирма која имаше стручност да ја изврши анализата, па Агенцијата ја реализира преку ангажирање на надворешни соработници. Се надева дека оваа година ќе има оператор што ќе ја спроведе оваа набавка.

Г-дин Петрушевски, рече дека приметил на седниците кои не се завршени, како посебна точка е оваа, посебно издвоена од другите активности на АААВМУ, со што според него Собранието дава големо внимание на анализата, токму на оваа точка што сега ја има како јавна набавка.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-3338/3 од 26.07.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за потреба од јавна набавка за предметот - услуга: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – услуга: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-2565/3 од 22.06.2017 година, а средствата се обезбедени со

Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

**Разно 2** - Г-дин Трајчевски, го образложи предлогот за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата. Објасни дека ова е поврзано со точката 3, ребаланс на Финансиски план, и таа измена се пресликува во Планот за јавни набавки.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-3388/1 од 26.07.2017 година, од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно даде одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (Пречистен текст), бр.05-2565/3 од 22.06.2017 година, со текст како што беше предложен.

За потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребна е годишна набавка – Одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење.

Следствено на погоре наведеното, согласно потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, неопходно е постојниот Годишен план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (Пречистен текст), бр.05-2565/3 од 22.06.2017 година, да се дополни, и тоа:

- во Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, се врши следното дополнување, односно се додава нова точка:

По точката 33, се додава нова точка 34, која ќе гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/ рамковна спогодба без ДДВ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 34. | Одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење | | јули/ август | Постапка со преговарање без објавување на оглас јавен оглас (член 99 став 1 алинеја 2) | 89.600,00 | |

За напред предложеното дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-2565/3 од 22.06.2017 година, средствата во износ од 44.100,00 денари се обезбедени со ребаланс на Финансискиот план за 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 27.07.2017 година, а останатите средства ќе бидат обезбедени со Финансискиот план за 2018-та година.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да изготви пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година.

**Разно 3** – Г-дин Трајчевски, објасни дека Советот на една од претходните седници, покрена постапка за одземање на дозволата, бидејќи радиодифузерот согласно дописот од АЕК не емитувал програма. За да се провери дали навистина радиото работи, повторно е испратен допис до АЕК, да изврши мерењето во Битола. Во меѓувреме сопственикот на радиото, дошол во Агенцијата и остварил состанок со раководителот на Секторот за информатика. Кажал дека ќе направи максимални напори да го активира предавателот, да ги подмири долговите. Со дописот од АЕК, Агенцијата е известена дека почнал да емитува програма и од таа причина се предлага до Советот да се запре постапката.

Г-дин Петрушевски, рече дека ова претставува позитивен настан и дека заслужува радиодифузерот да добие од Советот поддршка да продолжи да работи.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-329 од 27.07.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радио – Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, поради тоа што имателот на дозволата за радио емитување го усогласил своето работење со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и отпочнал со емитување на радио програмскиот сервис.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр. 02-3376/14**
**04.08.2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**